# СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ОРДИНАЦИЈА ЗА КОЖНО-ВЕНЕРИЧНИ БОЛЕСТИ, МЕДИЦИНСКА КОЗМЕТОЛОГИЈА, ФИЗИКАЛНА И РЕЛАКСАЦИОНА МАСАЖА

# "Д-Р. СВЕТЛАНА"

Разните заболувања од областа на дерматовенерологијата што за жал денес се во голем подем, проблемите на современата жена од областа на козметологијата, беа поттик да се напише овој напис, драги читатели, со цел што пошироко да Ве запознаеме со проблематиката што ја зафаќа оваа специјалност.

Наш драг соговорник е Д-р. Светлана Костиќ Петрушевска која после неколку телефонски договарања и закажани средби сепак успеа да ни одвои малку време за ова наше интервју.
Ординацијата на Д-р. Светлана се наоѓа на ул. 11 Октомври бр. 16 во кулата до Зелено Пазарче. Конфорни простории што блескаат со светлина и чистота, исполнети со најсовремена опрема и апаратура.

** Колку години постои Вашата приватна ординација и каде претходно сте работеле?*

- Ординацијата постои веќе три ипол години. Започнав во изнајмени простории во близина на Пошта 1, а од неодамна во овие свои, сопствени простории.
Мојата општа пракса ја започнав во сите бранши и со секаква патологија. Работев во Брза Помош, домашна посета во Куманово, па и околните села. По специјализацијата работев уште 4 години во Куманово, а потоа продолжив во Скопје каде ја започнав својата приватна пракса.

**Што влијаеше врз Вашата определба кон оваа специјалност?*

- Отсекогаш во мене дејствуваше она "женското" за убавина, естетика, козметика. Често пати копав по разни странски часописи, собирав листови, самоучки се едуцирав и носев нешто ново што е тренд во козметологијата. Откако специјализирав суштински сфатив што значи сето тоа и на кој принцип работат тие препарати.

** Што подразбираме под дерматовенерологија?*

- Дерматологијата ги опфаќа сите заболувања и промени што настануваат на кожата, косата и ноктите, а венерологијата-сите болести кои се пренесуваат по сексуален пат.
Дерматологијата претставува предизвик за секој лекар,затоа што не е како во хирургијата. Хирургот го отвара пациентот и гледа за што се работи. Кај нас од надвор болестите многу често личат една на друга и е тешко да се постави точна дијагноза. Освен тоа треба лекарот да е уметник во водење на терапијата, затоа што терапијата се менува.

**Кога зборуваме за кожните болести, која болест е доминатна?*

- За доминатна болест не би можело по конкретно да се каже, освен да се споменат најчестите заболувања, кои перманентно преовладуваат, а тоа се: акните кај младите во пубертет, акни и појачана влакнатост кај возрасни жени со хормонално пореметување, разни алергиски болести, вирусни брадавици и секако мора да се спомне и целулитот кој е многу чест и се сретнува дури и кај млади девојки.

**Нешто за венеричните болести?*

- Најзастапени се уретрити, гонореични и од друга генеза.

** Како тие се лекуваат и колкав е процесот?*

- Докторската етика ни наметнува загарантирана дискреција, меѓутоа за жал пациентите преовладани од чувството на срам не се јавуваат благовремено, одат кај свои општи лекари или воопшто не се лекуваат,дозволуваат болеста да земе силен замав не размислувајќи за последиците. Доколку пациентот се јави одма кај дерматовенеролог, болеста успешно се лекува за кратко време.

** Дали лековите што им ги препорачувате на Ваши пациенти се лесно достапни?*

- Да, лесно се набавуваат, меѓутоа дерматолошките масти се на негативна листа иако не се луксуз и пациентот најчесто ги купува.



** Д-р. Светлана, да се вратиме кај Вашите млади пациенти и нивниот најчест проблем акните. Кои методи и начин на лекување тука го применувате?*

- Помеѓу дерматологијата и козметологијата постои една спона т.н. МЕДИЦИНСКА КОЗМЕТОЛОГИЈА. Кога еден проблем не може да го реши козметичар, настапува дерматолог, затоа што со еден класичен козметички третман не се лечи, туку мора и медицинска терапија да се додаде.



ПРЕД ТРЕТМАН



ПОСЛЕ ТРЕТМАН

*Кои новитети се применуваат во борбата со акните?*

- Како откритие на 21 век во козметологијата се сметаат овошните киселини кои прават невидлив пилинг на кожата,не ја дразнат и со редовна и постепена употреба даваат перфектни резултати. Пациентите дома смеат да употребуваат до 14% овошни киселини, а во ординацијата се изведуваат третмани со 70%.

** За какви овошни киселини станува збор?*

- Тоа е група на 6-7 киселини кои прв ги измисли и употреби во светот д-р. Мурад, светски врвен стручњак во областа на дерматологијата и фармацијата.

** Како се снабдувате со тие киселини?*

- Тешко. За да може еден дерматолог да работи со овие киселини треба специјален сертификат за употреба и единствено во оваа ординација се изведува третман со овие киселини. Освен кај акните овошните киселини имаат подмладувачко дејство на стари опуштени кожи, против брчки,ја враќаат влажноста на кожата и помагаат при отстранување на флеки што се многу чести во последно време. Се мисли на сончеви флеки и оние предизвикани од нестручно истиснување на акните.

** Што друго употребувате во козметичките третмани?*

- Се користат исклучиво хипоалергени, козметички препарати од позната италијанска фирма кои даваат врвни резултати и досега воопшто не се случила алергија на крема или маска.

** Освен акните, како најчест проблем ја спомнавте влакнатоста кај жените. Кој е начинот за нејзино отстранување и дали е тоа времено или трајно?*

- Отстранувањето на влакната и припаѓа на ФИЗИКАЛНАТА ТЕРАПИЈА. Тоа се изведува со EPIL SCAN апарат со иглица, која е потенка од влакното, се навлегува до коренот кој се гори со струја. Тоа е доста прецизна и трпелива работа која се изведува со голема стручност како би постигнале што поголеми ефекти, односно, целосно отстранување на влакната без оставање на било какви траги и дупчиња по лицето на пациентката, како што се случува за жал при некои козметички студија каде што работи нестручен кадар. Кај нас тоа е загарантирано и веќе после месец дена резултатите се видни и кај најголемата влакнатост. Високата технологија ни дава најсовршени апарати кои во комбинација со прецизноста на раката не смеат да оставаат траги по лицето.

** Што претставува целулитот и како го лечите?*

- Целулитот спаѓа во воспалителни промени и претставува еден вид на васкулитис (задршка на течности и токсините во масното поткожно ткиво).
Кога ќе се утврди степенот на тежината на целулитот се пристапува кон елиминација на истите со примена и соодветна терапија. Во праксата најчесто користиме електромиостимулација, апарат кој работи на принцип на лимфодренажа, што значи:мускулни контракции, при што согоруваат повеќе калории, се топи масното ткиво и чинат правилен одток на течностите од нашиот организам со кој се исфрлаат и токсините. Многу делотворно е и ако се работи во комбинација со рачна масажа која ја изведува стручно лице. Освен естетскиот учинок масажата има и релаксационо дејство на нашиот стегнат организам кој е постојано во тонус (тензија) поради брзото темпо на живеење. Со употреба на етерични масла (аромотерапија) кои служат за релаксација, пациентот се чувствува пероден. Навистина голем благодет е.

** Освен лечењето на целулитот, релаксационата масажа, што друго опфаќа физикалната терапија?*

- Битно е да се напомене и акопресурата. Станува збор за масажа со која се отстрануваат болките при спондилоза, лумбаго и друго, без употреба на медикаменти кои штетно делуваат особено кај пациенти со улкус (чир), се отстранува болката.

** Д-р. Светлана, какви се контактите со Вашите колеги од областа на дерматологијата?*

- Неколку пати во годината се сретнуваме на дерматолошки секции каде што дискутираме околу некои новитети,нови сознанија за нови болести од светската литература.

**Имајќи ја предвид посетеноста на Вашата ординација потполната секојдневна ангажираност и се повеќе зголемениот број на пациенти би рекле дека цените на услугите Ви се доста пристапни со оглед на моменталниот стандард што го има нашиот народ.*

- Цените се пристапни и усогласени со другите скопски ординации кои работат козметика, физикална терапија и чистење на кожата.

** Здравјето е императив на потполно и достоинствено живеење.*

- Здравјето е човечка и друштвена вредност, па нека се негува како поединечно, така и друштвено, заради взаемна корист.

*Снежана Иванова*